# Јавен оглас за вработување на судски службеници на определено време

Основен суд Кичево, врз основа на чл.18 ст.1 ал.2 и ст.6 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) в.в.чл.22 и чл.23 од Законот за работни односи, и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Кичево, на ден 25.01.2024 година објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/24

1.За вработување на судски службеници и работник на определено време до 31.12.2024 година за следните работни места:

**1. Судски референт -дактилограф 4 (четири) извршители**

Посебни услови -потребни стручни кавалификации и компетенции:
- најмалку средно или вишо образование
- најмалку една година работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски, германски).

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 24.196,00 денари
Работни часа – 40 неделно
Работни денови : од понеделник до петок
Работно време од 07.30 до 15.30 часот

**2. Помлад судски референт-доставувач 1 (еден) извршител**

Посебни услови -потребни стручни кавалификации и компетенции:
- најмалку средно или вишо образование
- со или без работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски, германски).

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 22.625,00 денари
Работни часа – 40 неделно
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време од 07,30 до 15.30 часот

**3. Помлад судски референт-извршител во писарница 4 (четири) извршители**

Посебни услови -потребни стручни кавалификации и компетенции:
- најмалку средно или вишо образование
- со или без работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски, германски).

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 22.625,00 денари
Работни часа – 40 неделно
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време од 07,30 до 15.30 часот

**4.Курир -1 (еден) извршител**

Потребна стручна подготовка:
- најмалку основно или средно образование
- со или без работно искуство

Платата на работникот ќе изнесува 22.110,00 денари
Работни часа – 40 неделно
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време од 07,30 до 15.30 часот

Покрај посебните услови, кандидатите за секое од работните места потребно е да ги исполнуваат и следните општи услови:

I. да е државјанин на Република Македонија
II. да е полнолетен
III. активно да го користи македонскиот јазик
IV. да има општа здравствена способност за работното место
V. со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите се должни да поднесат Пријава за вработување на судски службеник која можат да ја подигнат од архивата или веб-страната на судот www.oskicevo.mk

Рокот за пријавување трае 3 работни дена по денот на последното објавување во дневен весник (не сметајќи го денот на објавување).

Пополнетата пријава во целост и со точни податоци, заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови кандидатите се должни да ги достават преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака "за Оглас бр.1/24", на следната адреса: Основен суд Кичево, ул.„Булевар ослободување" бр.17 Кичево

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Изборот ќе се изврши најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО